Врз основа на член 28 став 4 в.в со член 240 став 5 од Законот за извршување, по добиена согласност од министерството за правда, Собранието на Комората на извршители на РМ на седница на вонредно собрание одржана на ден 20.06.2016 година и изменет и дополнет на седница на вонредно собрание на ден 30.10.2016 година, го донесе следниот:

# Правилник
## за начинот на распределба на предметите по извршители од страна на Комората, содржината и начинот на поднесување на барањето на доверителот до Комората, содржината на одговорот на Комората и начинот на доставување на одговорот на Комората до доверителот.

### Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на рамномерна распределба на предметите кои се однесуваат на комунални услуги за вонсудска наплата на долгови и за извршување врз основа на извршна исправа за комунални услуги, содржината и начинот на поднесување на барањето за одредување извршител за вонсудска наплата односно за извршување на побарување од комунална услуга, содржината на одговорот од Комората на извршители на Република Македонија ( во понатамошниот текст Комората ) и начинот на доставување на одговорот на Комората до доверителот.

### Член 2

Поимите употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- ,,доверител” е лице кое бара наплата на долгови кои произлегуваат од комунални услуги согласно член 28 од Законот за извршување односно барање за вонсудска наплата на долгови преку извршител согласно член 240 од Законот за извршување;
- „должник“ е физичко или правно лице спрема кое доверителот има парично побарување за доспеани долгови кои произлегуваат од комунални услуги согласно член 28 од Законот за извршување, односно од барање за вонсудска наплата на долгови преку извршител согласно член 240 од Законот за извршување
- “износ на главното побарување за вонсудска наплата на долг” е висината на главниот долг од секоја поединечна веродостојна исправа односно износот на секое поединечно доспеано побарување.
- „барање за одредување извршител за поднесување на барање за извршување за побарување кое произлегува од комунални услуги“ е барање од доверителот за одредување на надлежен извршител заради поднесување на барање за извршување до извршителот согласно член 28 став 2 од ЗИ, кое доверителот непосредно по електронски пат го поднесува до Комората преку пополнување на апликација на веб локацијата на Комората;
- „барање за извршување за побарување од комунална услуга “ е барање врз основа на извршна исправа за извршување кое произлегува од комунални услуги за електрична енергија, топлинска енергија, вода, смет, телефонија, мобилни оператори, кабелски оператори, трошоци за редовно одржување на заедничките делови на зградата што е во етажна сопственост, кое доверителот го поднесува до извршителот во писмена форма по добиен одговор од

Комората за определување на надлежен извршител, во кое задолжително се назначува регистарскиот број кој е наведен во одговорот од Комората;

- „барање за одредување извршител заради вонсудска наплата на долгови“ е барање од доверителот за одредување на надлежен извршител заради вонсудска наплата на долгови по основ на комунални услуги согласно член 240 од ЗИ, кое доверителот непосредно по електронски пат го поднесува до Комората преку пополнување на апликација на веб локацијата на Комората;

- „надлежен извршител“ – е извршител именуван за подрачјето на основниот суд и извршува извршни исправи на судот, нотарот или органот чие седиште е на подрачјето за коешто е именуван извршителот за побарување врз основа на барање за извршување од доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги опишани во членот 11 точка 14) од ЗИ односно кој е именуван за подрачјето на судот каде е живеалиштето односно седиштето на должникот во вонсудската наплата;

- “ апликација “ е компјутерска програма (софтверско решение) за рамномерна распределба на предметите за извршување на барања кои произлегуваат од комунални услуги врз основа на барања за извршување на извршна исправа односно барања за вонсудска наплата на долгови;

- „кориснички профил “ е пристап до веб локацијата на Комората преку кој доверителите и извршителите ја користат веб апликацијата на Комората;

- „ лозинка “ е шифра за пристап до веб локацијата на Комората преку корисничкиот профил на доверителите односно извршителите која им ја доделува Комората по прием на барање за доделување на лозинка;

- „ РКИ“ е регистарски број доделен од Комората кон барањето за одредување на извршител кому доверителот треба да му го поднесе барањето за извршување согласно член 28 став 2 од ЗИ и кој регистарски број е задолжителен податок од барањето за извршување на доверителот врз основа на извршна исправа за комунална услуга;

- „ ИД бројот на извршителот“ е бројот на извршителот под кој е запишан во Именикот на извршители што го води Комората ;

- „ ИДД број на доверител“ е бројот на доверителот под кој се регистрира во веб апликацијата (софтверското решение ) на Комората ;

- „ РБК.бр. “ е регистарски број доделен од Комората под кој се води барањето за вонсудска наплата на долгови во веб апликацијата на Комората;

- „ ВН број “ е бројот на барањето за вонсудска наплата кај извршителот согласно електронски Уписник за барања за вонсудска наплата на долгови ( пример ВН.бр 1/2016).

## I.

## Рамномерна распределба на барања за извршување на побарувања кои произлегуваат од комунални услуги врз основа на извршна исправа

### Член 3

Пред поднесување на барање за извршување за побарување од комунална услуга до надлежен извршител доверителот е должен непосредно до Комората на извршители на РМ по електронски пат со пополнување соодветна веб апликацијата на сајтот на Комората преку соодветен кориснички пристап и лозинка, да поднесе барање за одредување на надлежен извршител кому

треба да му се поднесе барањето за извршување за побарување кое произлегува од комунални услуги врз основа на извршна исправа согласно член 28 став 2 од Законот опишани во член 11 точка 14 од Законот за извршување.

Барањето за одредување на извршител доверителот го поднесува по електронски пат до Комората во работно време од 08.30 до 16.30 h од понеделник до петок со пополнување на Барање за определување на извршител кое е во Прилог бр. 1 кон овој Правилник и е негов составен дел.

Барањата поднесени по истекот на работното време односно во неработен ден се сметаат за примени во Комората првиот нареден работен ден.

Член 4

Барањето за одредување извршител за побарување кое произлегува од комунални услуги кое е во форма на веб апликација достапна на доверителите преку соодветен кориснички пристап и лозинка, задолжително ги содржи следните податоци:

- Датум на поднесување на барањето ;

- Податоци за извршната исправа : број на извршната исправа, датум на донесување, орган кој ја донел,седиште на органот кој ја донел извршната исправа, износ на побарувањето; датум на камата на побарување; трошоци на постапка, датум на камата на трошоци на постапка, тип на извршна исправа.

- Податоци за должникот: име презиме/ назив на должник, правно/физичко лице/РМ, ЕМБГ /ЕМБС, ЕДБ, адреса, поштенски број, место, општина -доколку податоците ги поседува доверителот ;

- Податоци за доверител: целосен назив, седиште, ЕМБС, ЕДБ,ИДД број, емаил, лице за контакт и телефон за контакт, трансакциска сметка и банка депонент.

- Скенирана извршна исправа.

Барањето за одредување извршител кому доверителот е должен да му го поднесе барањето за извршување врз основа на извршна исправа за комунални услуги е Прилог број 1 кон овој Правилник и е негов составен дел.

Член 5

Комората на извршители на РМ веднаш а најдоцна во рок од 48 часа сметано од денот на приемот на барањето во Комората, е должна да достави одговор на барањето на доверителот за одредување на надлежен извршител до кој ќе се поднесе барањето за извршување на побарување на комунални услуги врз основа на извршна исправа.

Комората по прием на барањето за одредување на извршител, преку софтверска апликација го одредува извршителот рамномерно според азбучниот ред на презимето на извршителот запишан во Именикот на

извршители при тоа водејќи сметка за надлежноста на извршителот според органот кој ја донел извршната исправа.

Комората на извршители одговорот (Прилог број 2) истовремено со достава до доверителот го доставува и електронски и до извршителот кој е определен да постапува по барањата за извршување на побарувања по основ на комунални услуги.

Преку веб апликацијата на сајтот на Комората на извршители, сите извршители имаат пристап до посебен дел каде што тие ќе бидат во можност да го разгледаат секое барање од доверителот, како и секој одговор на Комора на извршители на РМ до доверителот.

Одговорот до доверителот за одредување на извршител е Прилог број 2 кон овој Правилник и е негов составен дел. Прилогот број 2 кој го пополнува Комората ги содржи сите информации од Прилог број 1, како и регистарскиот број на барањето во Комората на извршители, име и презиме на извршителот, ИД бројот на извршителот според Именик на извршители, датумот на одредување на извршител, како и вкупниот број на барања на доверителот кои му се распределени на одредениот извршител, трансакциска сметка на извршителот и банка депонент.

Член 6

Ако бројот на барања за определување на надлежен извршител за барања за извршување на побарување на комунални услуги наведени во барањето на доверителот за назначување на извршители е помал од бројот на извршители надлежни за постапување, одредувањето на извршителот по првото следно барање од доверител, започнува од првиот нареден извршител запишан во Имениکот на извршители после извршителот кој е последен одреден за тоа подрачје.

Во рок од осум дена од денот на приемот на одговорот од Комората – Прилог број 2 овој Правилник, извршителот ја известува Комората на извршители за прием на барањата за кои бил посочен, односно ја известува Комората за барањата кои не се поднесени од страна на доверителот а за кои бил посочен, и тоа по електронски пат преку пополнет Прилог бр.3 од овој Правилник кој е негов составен дел.

Образец број 3 ги содржи сите информации од Прилог број 2, како и И.бр.бројот на предмет под кој се води кај извршителот, датумот на прием на барањето. Покрај ознаката на оние барања кои извршителот ги примил, а за кои бил одреден како надлежен да постапува, извршителот внесува и назнака доколку барањето не е примено.

Член 7

Во случај доверителот подоцна повторно да побара Комората да му посочи надлежен извршител за истото побарување спрема истиот должник односно за истата извршна исправа, Комората електронски повторно ќе му го достави одговорот со пополнетиот одговор - Прилог број 2 со веќе посочениот извршител до кој доверителот во рокот не му го поднел барањето.

Комората на извршители ќе ги споредува податоците кои извршителите ги доставуваат во Прилог 3 со податоците со кои располага Комората и ќе утврдува евентуални неправилности во работата на извршителите како основ за соодветни постапки согласно закон.

Член 8

Комората води електронски Уписник за примени барања за одредување на извршител кому треба да му се поднесе барањето за извршување согласно член 28 став 2 од ЗИ . Регистарскиот број доделен од Комората на барањето на доверителот е задолжителен податок кој доверителот го наведува во барањето за извршување за побарување кое произлегува од комунални услуги кое го доставува кај посочениот извршител од страна на Комората.

Барањето за извршување за побарување кое произлегува од комунални услуги врз основа на извршна исправа согласно член 28 став 2 од ЗИ, кое не содржи регистарски број од Комората извршителот ќе го отфрли со заклучок.

Примање на барања за извршување за комунални услуги без регистрарски број од Комората претставува основ за поведување на постапка за дисциплинска повреда против извршителот.

**II.**

**Рамномерна распределба на барања за вонсудска наплата на долгови**

Член 9

Барањето за одредување извршител заради вонсудска наплата на долгови врз основа на веродостојна исправа за :

- вода, смет и одржување на заедничките простории за износ од 2000,00 денари;
- електрична или топлинска енергија за износ од 6000,00 денари;
- телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за износ од 2000,00 денари,

доверителот непосредно го поднесува до Комората по електронски пат со пополнување соодветна веб апликацијата на сајтот на Комората преку соодветен кориснички пристап и лозинка.
Барањата се поднесуваат во текот на работно време на Комората од 8.30 до 16.30 часот од понеделник до петок. Барањата поднесени по истекот на работното време односно во неработен ден се сметаат за примени во Комората првиот нареден работен ден .

Член 10

Барањето за одредување извршител заради вонсудска наплата на долгови од член 9 став 1 од овој Правилник, кое во форма на веб апликација е достапно на доверителите преку соодветен кориснички пристап и лозинка, задолжително ги содржи следните податоци:

- Датум на поднесување на барањето, ознака на веродостојна исправа, тип на веродостојна исправа, износ на побарувањето и износ на камата;
- Податоци за должникот: име презиме/ назив на должник, правно/физичко лице/ РМ. , ЕМБГ /ЕМБС /ЕДБ, адреса, поштенски број, место, општина.

- Податоци за доверител: целосен назив, седиште, ЕМБС, ЕДБ, емаил адреса , лице за контакт и телефон за контакт; ИДД број, тип на комунална услуга, трансакциска сметка и банка депонент;
- Вкупен број на веродостојни исправи наведени во едно поднесено барање за определување на извршител односно вонсудска наплата на долг до Комората;
- Вкупен број на барања поднесени од доверителот;
- Изјава на доверителот дека е согласен барањето за одредување на извршител до Комората по одредување на надлежен извршител да се смета за барање за вонсудска наплата и непосредно да се проследи преку веб апликацијата до одредениот извршител од Комората. Изјавата на доверителот задолжително е уредена со електронски потпис на овластеното лице.

Барањето за определување на извршител во кое недостасува најмалку еден податок се смета за неуредно и апликацијата нема да го евидентира во системот на барања за што ќе му достави известување за уредување на доверителот.
Барањето за одредување извршител заради вонсудска наплата на долгови е Прилог број 4 кон овој Правилник и е негов составен дел.

Член 11

Барањето за вонсудска наплата спрема ист должник по основ на иста комунална услуга може да содржи една или повеќе веродостојни исправи, при што секоја од нив треба да биде во рамките на условите од член 240 од Законот за извршување
Со момент на достава на барањето за вонсудска наплата на долгови од страна на доверителот проследено преку Комората до извршителот рокот на застарување се прекинува согласно член 377 од ЗОО.
Со моментот на поднесување на барањето за одредување на извршител до Комората, доверителот е обврзан да ги авансира трошоците на извршителот согласно Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителот.
Со моментот на поднесување на барањето за одредување на извршител до Комората, на извршителот му следува награда врз основа на член 244 став 2 од ЗИ во случај на успешна наплата над 5000 денари, без оглед на која сметка должникот ја извршил уплатата, а согласно Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителот.

Член 12

Комората по прием на барањето за одредување на извршител, преку софтверска апликација го одредува извршителот рамномерно според азбучниот ред на презимето во Именикот на извршители при тоа водејќи сметка за надлежноста на извршителот според живеалиштето/престојувалиште, седиште на должникот како што е наведено во барањето.
Комората на извршители на РМ на веб страната на Комората задолжително објавува Листа на општини во РМ со цел доверителот при поднесување на барањето за одредување на извршител точно да ја определи општината според живеалиштето односно престојувалиштето/ седиштето на должникот .

Ако бројот на барања за вонсудска наплата на долг наведени во барањето на доверителот за назначување на извршители е помал од бројот на извршители надлежни за постапување, одредувањето на извршителот по првото следно барање од доверител, започнува од првиот нареден извршител запишан во Именикот на извршители после извршителот кој е последен одреден за тоа подрачје.

Член 13

Комората веднаш а најдоцна во рок од (5) пет дена од денот на приемот на барањето за определување на извршител, ќе достави електронски одговор до доверителот со кој ќе се посочи надлежниот извршител кој е одреден да постапува по барањето за вонсудска наплата на долгот.
Комората истовремено го известува извршителот дека е посочен да постапува по одредено барање. Извршителот е должен во рок од 24 часа од прием на барањето, во случај да постојат основи за изземање на извршителот, да го врати распределеното барање за вонсудска наплата на долг до Комората на извршители на РМ преку софтверската апликација, по што тоа барање ќе биде распределено на наредниот извршител кој следува по азбучен ред согласно презимето.
Одговорот до доверителот за одредување на извршител е Прилог број 5 кон овој Правилник и е негов составен дел. Прилогот број 5 кој го пополнува Комората ги содржи сите информации од Прилог 4, како и регистарскиот број на барањето во Комората на извршители, име и презиме на извршителот, ИД бројот на извршителот според Именик на извршители, датумот на одредување на извршител, како и вкупниот број на барања на доверителот кои му се распределени на одредениот извршител, трансакциска сметка на извршителот и банка депонент.

Член 14

Барањето за вонсудска наплата на долг, врз основа на изјавата за согласност на доверителот, непосредно се доставува до одредениот извршител, по електронски пат со помош на софтверското решение на Комората, со пополнување на Прилог број 6, во рокот од член 13 од овој Правилник, а извршителот по прием веднаш ќе продолжи да постапува по барањето согласно одредбите од глава дваесет и шеста од Законот за извршување.

Прилогот број 6 кој го пополнува Комората ги содржи сите податоци од Прилог 5, како и регистарскиот број на барањето во Комората на извршители, име и презиме на извршителот, ИД бројот на извршителот според Именик на извршители, датумот на одредување на извршител, трансакциска сметка и банка депонент.
Комората води електронски уписник на примени барања за вонсудска наплата на доверителите и истите ги означува со регистарски број на Комората.
Барањето за вонсудска наплата на долгови е Прилог број 6 кон овој Правилник и е негов составен дел.

Член 15

На веб апликацијата на веб страната на Комората на извршители на РМ, сите извршители имаат кориснички пристап до посебен дел во апликацијата каде

што можат да го разгледаат секое барање од секој доверител, како и секој одговор на Комора на извршители на РМ до доверителите.
Извршителите за примените барања за вонсудска наплата на долг водат електронски Уписник на примени барања за извршување – ВН Уписник.
Извршителите доставуваат тромесечен извештај за примените барања за вонсудска наплата кој е составен дел на кварталниот извештај за работата на извршителот.
Примање на предмети за вонсудска наплата на долгови за комунални услуги директно во канцеларијата на извршителот претставува основ за поведување на постапка за дисциплинска повреда против извршителот.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на веб страната на Комората а ќе се применува од денот на примена на Законот за извршување ( Службен весник на РМ бр. 72/2016 и 142/16).

Комора на извршители на РМ
Претседател ,
Зоран Петрески